СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 1348/2021

Дата 16 -09- 2021

Врз основа на член 88 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) и член 42, став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за Услови за планирање на просторот**

1. Со ова Решение на Општина Кавадарци, се издаваат **Услови за планирање на просторот за изградба на фотоволтаична електрана Гарниково 1.1 со поставување на фотонапонски панели на дел од КП 441, КО Гарниково, Општина Кавадарци.**

Моќноста на фотоволтаичната електрана нема да надмине 10 MW. Вкупната површина на планираниот опфат изнесува 9,99 ha.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех.бр. Y15521** се составен дел на Решението.

3. Реализацијата за изградба на фотоволтаична електрана Гарниково 1.1 со поставување на фотонапонски панели на дел од КП 441, КО Гарниково, Општина Кавадарци, би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уредност на максимално почитување и вградување на нормативните и стандарди за заштита на животна средина.

4. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изградба на фотоволтаична електрана Гарниково 1.1 со поставување на фотонапонски панели на дел од КП 441, КО Гарниково, Општина Кавадарци, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

областа на заштита на животна средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.

5. При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за предметната документација за изградба на фотоволтаична електрана Гарниково 1.1 со поставување на фотонапонски панели на дел од КП 441, КО Гарниково, Општина Кавадарци, задплжително да се земат во предвид претходнонаведените забелешки, како и забелечките од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Кавадарци, врз основа на член 42 став 4 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. 32/20), ), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УП 36229 до Агенцијата за планирање на просторот, преку електронскиот систем е-урбанизам, достави барање за издавање на Услови за планирање на просторот **изградба на фотоволтаична електрана Гарниково 1.1 со поставување на фотонапонски панели на дел од КП 441, КО Гарниково, Општина Кавадарци**. Површината на предметниот опфат изнесува 10 ha, Моќноста на фотоволтаичната електрана нема да надмине 10 MW. Површината на планскиот опфат согласно Предлог Планската програма зафаќа делови од катастарските парцели на дел од КП 441, КО Гарниково, Општина Кавадарци и неговата местоположба е дефинирана во рамките на прикажан графички прилог.

Согласно член 42 став 8 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. бр. 32/20), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Услови за планирање на просторот за изградба на фотоволтаична електрана Гарниково 1.2 со поставување на фотонапонски панели на дел од КП 441, КО Гарниково, Општина Кавадарци, и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 1348/2021 од 14.09.2021 година.

Услови за планирање на просторот за изградба на фотоволтаична електрана Гарниково 1.1 со поставување на фотонапонски панели на дел од КП 441, КО Гарниково, Општина Кавадарци и претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од "Просторниот план на Република Македонија", претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk